**JOBAHOBA, Марија** УДК: 343.352:355.45

# КОРУПЦИЈАТА КАКО ФАКТОР НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Апстракт**

Како големо социјално, политичко и економско прашање кое ги засега сите земји, корупцијата стана сè повеќе проучувана тема во изминатата деценија. Корупцијата ги поткопува демократските институции, го забавува економскиот развој и придонесува за владина нестабилност. Организираниот криминал никогаш не можеше да се создаде или да се одржи, доколку ја немаше поддршката од владините претставници. Како форма на организиран криминал, корупцијата е многу интригантна тема и привлекува големо внимание кај претставниците на казнено-правната мисла, не само кај нас, туку и во меѓународен план, и на светските сцени, затоа е неопходно дополнително истражување. Овој труд е резултат на самата оваа желба да се истражува и анализира оваа форма, односно корупција како фактор на загрозување на националната безбедност, па поаѓаме од самиот поим корупција како и компонентите кои го сочинуваат – негативни последици од корупцијата, уредување на статусот на безбедносна закана.

**Клучни зборови:** *корупција, коруптивни активности, корупциски притисок, безбедност.*

**JOVANOVA Marija** UDK**:** 343.352:355.45

## CORRUPTION AS A FACTOR OF THREAT TO THE NATIONAL SECURITY

**Abstract:** As a major social, political and economic issue affecting all countries, corruption has become an increasingly studied topic in the past decade. Corruption undermines democratic institutions, slows down economic development and contributes to government instability. Organized crime could never have been created or sustained without the support of government officials. As a form of organized crime, corruption is a very intriguing topic that attracts a lot of attention among the representatives of criminal law thought, not only in our country, but also internationally, and on the Swedish scene, therefore, additional research is necessary. This paper is the result of this very desire to investigate and analyze this form, difference as a factor of endangering national security, so we start from the very concept of corruption as well as the components that make it up. negative consequences of corruption, regulating the status of a security threat.

**Key words:** *corruption, corrupt activities, corruption pressure, security*

## ВОВЕД

Во современата држава, корупцијата е опасност, бидејќи му штети на извршувањето на социјалните работи, го намалува потребното ниво на морал, ја блокира јавната администрација и го прави судството неефикасно што претставува сериозен проблем. Долгогодишната економска и политичка криза, сиромаштијата, како доминантна состојба на населението, што особено ги погоди земјите во транзиција, се значајни фактори на ризик кои влијаат на корупцијата. Ефикасната борба против корупцијата, една од најопасните национални и глобални појави, бара координирани напори и активности на Владата и граѓаните, како и на секој поединечен сектор од јавниот живот. Улогата на јавноста во спротивставување на оваа појава и воспоставување на демократски вредности е особено важна.

Корупцијата е некомпатибилна со владеењето на правото. Повеќето, ако не и сите земји во светот се соочија со овој комплексен проблем. Корупцијата директно ги урива темелите на вредносниот систем на општеството, со што се губи довербата на граѓаните во институциите на системот и општото функционирање на државните органи и владеењето на правото. Приматот на коруптивните методи во остварувањето на човековите права во однос на принципот на законитост во нивното остварување го прави општеството реално беспомошно и неопходни се универзални меѓународни и национални регулативи со закон.

***„Секоја влада е корумпирана; апсолутната власт апсолутно корумпира.“***

***Лорд Актон, британски историчар, 1887 година***[1]

### Дефинирање на поимот корупција

Етимолошката потекло на поимот корупција се наоѓа во латинските термини „corruptio“ и „rumpere“. „Corruptio“ подразбира „уништување или расипување на некого, посебно по пат на дезинтеграција или распаѓање кои се проследени со нездравост и одвратност, трулење, или, од морален аспект претставува: „морално пропаѓање или распад... изопачување или распаѓање на интегритетот во вршење на јавните должности, проследено со мито или давање на услуги.“[2]

Кога би ја согледале оваа дефиниција би заклучиле дека има недостатокот од знаење за проблемот на корупцијата и мало учество во активностите против корупција, уште позначајни се на локално ниво, каде што можностите за злоупотреба на јавно доверената моќ за личен интерес се поочигледни, особено по децентрализацијата на власта, кога повеќето од важните овластувања се пренесени од централно на локално ниво. Па самото тоа укажува дека корупцијата е злоупотреба на доверените овластувања, која има тенденција да обезбеди бенефиции за тесен круг на елитата на

[1] Најдобри практики во борбата против корупцијата OSCE-Канцеларија на Координаторот за економски активности и активности за заштита на животната средина, Вовед од д-р Мартин Швјечички стр.1
[2] Корупција и човекови права, Институт за отворено општество, Белград 2010, стр.39.

власт, на штета на оние кои не се во состојба да ги бранат своите права и интереси. Корупцијата ја нагризува довербата, ја ослабува демократијата, го кочи економскиот развој и дополнително ја влошува нееднаквоста, сиромаштијата, социјалната поделеност и еколошката криза. Корупцијата во себе вклучува повеќе форми и одредени однесувања како што се на пример:

- јавни службеници кои бараат или земаат пари или услуги во замена за услуги,
- политичари кои злоупотребуваат јавни пари или доделуваат јавни работни места или договори на нивните спонзори, пријатели и семејства,
- корпорации кои поткупуваат службеници за да добијат профитабилни зделки.

Откривањето на корупцијата и држењето на одговорност од корумпираните може да се случи само ако го разбереме начинот на кој функционира корупцијата и системите што ја овозможуваат.

**Поимот корупција, во смисла Законот за спречување на корупција и судир на интереси член 2 ст. 2, ги опфаќа и поимите на:**

**- Пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**- Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.[3]

**Видови на корупција**

- **Политичка корупција -** Политичка корупција можеме да ја дефинираме и како „злоупотреба на политичката моќ за лични или пристрасни политички интереси. *Политичката корупција ја претставува злоупотреба на законските овластувања од страна на државни функционери за стекнување на противправна имотна корист, за лично или групно збогатување.*[4] Политичката корупција често се нарекува „висока корупција, бидејќи високи државни функционери и политичари се вклучени во овој вид на корупција.

[3] Закон за спречување на корупцијата и судир на интереси-член 2 ст 2 Службен весник на Република Македонија" бр.12/19
[4] „Борба против корупција"м-р Лилјана Пецова Илиеска д-р Кире Бабаноски Ана Јаневска Делева (2020) стр.29

Во општества со широко распространета политичка корупцијата, борбата против корупцијата често е само декларативна политичка цел на владејачката елита, бидејќи само неговото „постоење“ зависи од корупцијата како механизам за извлекување ресурси и за корумпираните службеници како основа за политичка поддршка.

Причини да биде тешко откривањето на корупцијата вклучува „меѓусебно покривање грб“, „меѓусебно уценување“ со откривање компромитирачки материјал, „закани, физичко насилство, дури и убиство“. Кога зборуваме за корупција на такво ниво, тоа треба да го знаеме тоа се „индивидуи од висок ранг кои ги искористуваат своите позиции за извлекување големи количества мито од национални и транснационални компании, кои соодветни значителни плаќања од договорна измама или работа проневера на големи суми пари од државната каса во приватни (често во странство) банкарски сметки.[5] Покрај тоа, влијанието на политичката корупција е видливо и од степенот на корупција меѓу политичките партии. Имено, политичките партии се перципирани како најкорумпирани во светот, но и во Европа.

**Политичката корупција како безбедносна закана**

- **Бирократска корупција -** Политичката корупција обично е придружена со широко распространета бирократска или „ситна“ корупција“. Додека политичката корупција се јавува меѓу државните службеници и приватните сектор, бирократска корупција се јавува меѓу јавните и приватните сектори. Како бирократ, во таа конотација, можеме да ги земеме сите лица кои потпаѓаат под режимот на Законот за административни службеници[6], но и сите други лица кои, во суштина, извршуваат административни работи во органите од јавниот сектор, а притоа не потпаѓаат под режимот на овој пропис (на пример, административната служба во рамките на високообразовните установи која, согласно со позитивните прописи, е иземена од Законот за административните службеници).[7]

  Вработените во јавниот сектор спаѓаат во бирократската корупција, а не во политичката корупција поради фактот дека не се носители на политички функции.

- **Системска корупција** - Системската корупција се издвојува како посебен вид на корупција што е толку многу широко распространета да влијае на сите сектори на општеството и да доведе до ситуација кога луѓето почнуваат да мислат дека битката против корупцијата повеќе не може да се добие. Системската корупција можеме да ја набљудуваме на повеќе рамништа. Системската корупција се поистоветува со заробена држава во еден дел бидејќи и двата поими подразбираат постоење на група која е добро организирана и која континуирано остварува личен интерес поттикнувајќи злоупотреба на доверените овластувања и моќи.

---

[5] Vađun, 2007: 310-311
[6] Законот за административни службеници (Службен весник бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник бр. 275/2019 и бр. 14/2020
[7] Антикорупциско право-проф. д-р Борче Давитковски проф. д-р Гордана Лажетиќ проф. д-р Ана Павловска-Данева проф. д-р Дивна Илиќ-Димоски м-р Константин Битраков стр.30

**Поделба на корупцијата во зависност од позицијата на сторителите**

Во зависност од позиционираноста на сторителот на корупција во системот на институционалната хиерархија на една држава, како и од големината на штетата и општествената опасност што потенцијално може да биде предизвикана, се среќава една инаква поделба на типовите на корупција. Така, во пракса среќаваме:

- висока корупција,
- средна корупција,
- ниска корупција.[8]

Високата корупција – најразорна, се шири од највисоките слоеви кои ја практикуваат – кон пониските.

Средната корупција – е лоцирана кај средниот слој во државната хиерархија, што значи кај сите службеници кои се извршители, односно кои треба да спроведуваат одлуки донесени од повисоко работно ниво, без разлика дали се работи за политичка или административна организација.

Ниската корупција – се одвива помеѓу најниските слоеви на администрацијата, на пример: јавни службеници, полицајци, здравствени, образовни, судски, царински, општински, културни, шалтерски работници и др. Како пример за коруптивно однесување во високото образование е кога професор на факултет е автор на книга и бара од своите студенти да ја купат книгата, како услов, за да го положат испитот.

**Негативни последици од корупцијата**

Корупцијата произведува негативни последици во општеството како што се: неправда, политичка нестабилност, нефер конкурентност и намалување на довербата на граѓаните во државата, како и во државните и јавните институции, органи и служби. Доколку политичарите кои се на власт се вклучени во многу коруптивни дејствија, тоа доведува до помала доверба на граѓаните кон државата. Доколку во државната администрација се вработува по пат на непотизам, кронизам и политичка патронажа, тоа директно влијае на функционирањето на институциите. Корупцијата ги загрозува слободата на пазарот и претприемништвото, слободните, демократски и фер избори, независноста на судството, вршењето на јавните функции во државен интерес и во интерес на граѓаните, а не во интерес на одредени поединци или политички групи. Корупцијата негативно влијае на уживањето и почитувањето на човековите права – граѓанските, политичките, економските, социјалните и културолошките. Корупцијата влијае на способноста на државата да ги заштитува човековите права и да ги исполнува своите обврски, особено за обезбедување функционално судство и фер судење, полиција, здравство, образование и социјални услуги итн.

[8] Олга Кошевалиска, Елена Максимова-Организиран криминал и корупција (скрипра) (2018) стр.69

## УТВРДУВАЊЕ СТАТУС НА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА

Можноста за утврдувањето на статусот на закана и тоа за националната безбедност за политичката корупција каде претставува негативен феномен како и закана за националната безбедност, неопходно да се утврдат критериумите за проценувајќи ја сериозноста на заканата од корупцијата. Тие се:

**- Национална сигурност**

Националната безбедност генерално може да се дефинира како безбедност на државниот народ. Неговата содржина вклучува: безбедност на националната територија, заштита на човечкиот живот и имот, зачувување и одржување на националниот суверенитет и остварување на основните функции на општеството (социјални, економски, општествено-политички, културни, еколошки, економски итн.). Националната безбедност треба да обезбеди држава во која ќе се обезбеди слободата државите и општествата, територијалниот интегритет и суверенитет на државата во рамките на меѓународната прифатени уредувања, човекови слободи и права на граѓаните, политичка и социјална стабилност на општеството и државата, стабилен економски развој и функционирање на владеењето на правото, стабилен јавен ред и лична безбедност на граѓаните и здрави и стабилни услови на животната средина.[9]

Националната стратегија треба да придонесе да се намали нивото на корупција и да се обезбеди повисока јавна доверба кон работата на законодавната, судската и извршната власт, како и зголемување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори на општеството.

Ова би можело да се реализира преку исполнување на некој стратешки цели, пример: зголемување на нивото на политичка одговорност, совесно управување со политичкото влијание во јавниот сектор и спречување на политичко влијание во работата на независните тела и во постапките регулирани со закон, јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор, спроведување на надлежностите во јавниот сектор на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин, обезбедување на интегритет и транспарентност при вработувањето и кадровските политики во јавниот сектор, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет, јакнење на надзорните и контролните механизми, дигитализација во сите сектори на јавните служби, намалување на корупцијата во јавните набавки и во процесот на доделување на грантови, субвенции и друга државна помош, зајакнување на капацитетите и на посветеноста на органите за спроведување на закон на обвинителството и судството во откривањето и санкционирање на корупцијата, како и јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови, подржување на транспарентноста и интегритетот во приватниот сектор, подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација, вклучување на граѓанското општество и медиумите во борбата со корупцијата во општеството и градење на личен и професионален интегритет, вклучително и во нивните рамки.

[9] Таталовиќ и Биланџиќ (2005) стр.32

Неопходно е да се поттикне развојот на граѓанското општество како контролор на регуларноста на работата на властите, но и како партнер во формулирањето и спроведувањето на антикорупциските политики.

Слободни и професионални медиуми играат значајна улога во откривањето на нерегуларностите и предочување на поширокатa јавност за прашања од општествено значење. За да можат невладините организации и медиуми успешно да ја извршуваат оваа важна општествена улога, или самите да не станат генератори на корупција, потребно е систематски да се градат високи стандарди на нивниот интегритет, професионализам и транспарентност.

**- Воениот сектор и корупцијата**

Корупцијата во воениот сектор, се чини дека е критериуми за егзистенцијална закана. Клучот е во тоа што се намалува способност за одржување на граѓанскиот мир, територијалниот интегритет и одржување на авторитетот во однос на можните предизвици на сопствените граѓани. Освен од внатрешна, корупција како невоената закана произлегува и од надворешните процеси vis-à-vis државата.[10]

**-Политички сектор и корупција**

Политичкиот сектор е најширокиот од петте сектори на школата во Копенхаген, бидејќи политичките елементи се наоѓаат во сите други сектори. Затоа, заканите во политичкиот сектор се ограничени на оние „политички закани кои не користат масовна војска, идентификација, економски или еколошки средства“. Егзистенцијалните закани во политичкиот сектор вклучуваат: „сѐ што води кон прашањето за признавање, легитимирање или владеење на власта ... поткопување на ситуации, правила, норми и државни институции“.[11]

Тие се однесуваат на стабилност и се поделени на закани за „внатрешниот легитимитет на политичката единица, кои пред сѐ се поврзани со идеологии и други конститутивни идеи и проблеми на дефинирање на државата“ и за заканите за „надворешното признавање на државата, нејзиниот надворешен легитимитет“. Закани за политичките идеологии, т.е. идеи за државата, влијаат и на стабилноста на политичкиот поредок, поради што треба да се размислува егзистенцијално.

**Економски сектор и корупција**

Ризиците од корупција во секторот економија главно се поврзуваат со различните решенија, дозволи, договори за концесии и други документи чие издавање е во надлежност на Министерството за економија или на други институции. Имено, законската регулатива за вршење на дејноста на многу економски ентитети и физички лица кои самостојно вршат определена дејност бара регулирање на нивниот статус со некој од споменатите документи. Покрај тоа, во секторот економија како ризици од корупција се идентификуваат и јавните набавки, инспекцискиот надзор и вработувањата

[10] Buzan et al. (1998): 8, 50–54
[11] Buzan et al., (1998): 142

во јавните институции. Во најголем дел од јавните институции постојат **долги, сложени и нејасни процедури со обемна документација за добивање разни дозволи, одобренија и други услуги**. Поради ова, често се наметнува потребата од директен контакт на барателите на услуги со администрацијата заради забрзување на постапката, нејзино скратување или олеснување. Ова раѓа висок ризик од корупција.

**Борбата против корупцијата** бара систематизирани напори и целосна посветеност на сите чинители во општествениот живот во Република Северна Македонија. Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) има законска обврска да изработи петгодишна национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (во понатамошниот текст Стратегија) со акционен план за нејзино спроведување.[12]

## ЗАКЛУЧОК

Овој труд е насочен кон корупцијата како фактор на загрозување на националната безбедност. Политичката корупција е придружена со бирократска корупција, која има влијание и врз состојбата на општеството и државата. Третиот вид на корупција е системската корупција. Тоа е за појавата на широко распространета корупција на сите нивоа на општеството, поради што таа станува дел од неа на општествениот систем, односно „начинот на кој функционираат работите". Во земјите кои се заробени од корупција, можно е да се утврди присуството на сите три типа на корупција, и во сите форми. Самиот нејзин изглед зависи од социјалните околности. Нејзиниот развој, проширување, начинот на кој луѓето се справуваат со тоа, колку таа не се/ или се толерира (приватно, но и законски), вниманието што го добива, начинот на кој се прикажува - сето тоа зависи од општественото околности. Од друга страна, корупцијата влијае на општеството. Државите кои се заробени во корупција можеби треба да се соочат со корупцијата на тој начин што ја доживуваат како најсериозна закана. Сепак, борбата против корупцијата е можна и не се губи однапред, туку само ако се појави „критична маса на политичка волја". Тоа може да дојде од внатре - како резултат на зајакнување на општествената свест за штета од корупција или однадвор – поради притисокот на надворешната политика врз домашните влади во случај на сојуз или членство во организација која се стреми да ја искорени корупцијата. Затоа како резултат на општата демократизација, можното е појавување на критична маса на политичка волја која би профилирани актери кои јасно ќе ја видат политичката корупција како исклучително сериозна закана.

[12] Законот за спречување на корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ 12/2019

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Buzan et al. (1998): 8, 50–54, Buzan et al.,

Антикорупциско право-проф. д-р Борче Давитковски проф. д-р Гордана Лажетиќ проф. д-р Ана Павловска-Данева проф. д-р Дивна Илиќ-Димоски м-р Константин Битраков стр.30

Борба против корупција"м-р Лилјана Пецова Илиеска д-р Кире Бабаноски Ана Јаневска Делева (2020) стр.29Bađun, 2007: 310-311,

Закон за спречување на корупцијата и судир на интереси-член 2 ст 2 Службен весник на Република Македонија" бр.12/19

Законот за административни службеници (Службен весник бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник бр. 275/2019 и бр. 14/2020

Законот за спречување на корупција и судир на интереси на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ 12/2019

Корупција и човекови права, Институт за отворено општество, Белград 2010, стр.39.

Најдобри практки во борбата против корупцијата OSCE-Канцеларија на Координаторот за економски активности и активности за заштита на животната средина, Вовед од  д-р Мартин Швјечички стр.1

Олга Кошеvalidска, Елена Максимова-Организиран криминал и корупција(скрипра) (2018)

Таталовиќ и Биланџиќ (2005)